МЗТ Пумпи АД Скопје
Бр. 02-02/97
Скопје, 27.08.2018

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, Управниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 27.08.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на бројач на гласови

1. За бројач на гласови се избира:

   Весна Митковска

2. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување

Претседавач на Собрание на
МЗТ Пумпи АД Скопје

____________________________

МЗТ Пумпи АД Скопје
Бр. 02-02/99
Скопје, 27.08.2018

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, Управниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 27.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на Претседавач на Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје**

1. Се именува Боцевска Велика за Претседавач на Собранието на МЗТ Пумпи АД Скопје
2. Претседавачот на Собранието се избира на секоја седница на Собранието.
3. Мандатот на претседавачот на Собранието трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што ќе биде одржано.
4. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување

Претседавач на Собрание на
МЗТ Пумпи АД Скопје

___________________________

МЗТ Пумпи АД Скопје
Број: 02-02/100
Скопје, 27.08.2018 година

Врз основа на член 378 и 383 став 3 точка 1 од Законот за Трговските друштва и член 36, 37 и 47 и од Статутот на Акционерското друштво МЗТ ПУМПИ АД Скопје, Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на ден 27.08.2018 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото, и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото

**Член 1**

Се отповикуваат членовите на Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје во состав и тоа:

1. Митре Велков од Кавадарци, со живеалиште на ул. Шишка бр.86, Глишиќ, Кавадарци, со ЕМБГ 0311960483001, дипломиран инженер, член на Надзорен одбор
2. Владимир Георгиев од Скопје, со живеалиште на бул.АСНОМ бр.44-2/7, Аеродром, Скопје, со ЕМБГ 2102958450138 дипломиран инженер, член на Надзорен одбор, и
3. Весна Митреска-Ивановска од Скопје, со живеалиште на ул. Христо Смирненски бр.54-2/10, Центар, Скопје, со ЕМБГ 1901982488029, М-р по економија, Претседател на Надзорен одбор

**Член 2**

За членови на Надзорниот Одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје се избираат:

1. Митре Велков
2. Владимир Георгиев
3. Весна Митреска-Ивановска

За независен член на Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје се избира Весна Митреска-Ивановска

**Член 3**

Членовите на Надзорниот Одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје се избираат за период од 4 години, сметано од денот на донесувањето на Одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На членовите на Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје избрани со Одлука, донесена на Собранието на дурштвото им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

Имајќи го во вид дадениот предлог за избор на членови на Надзорниот одбор, како и избор на Независен член на Надзорниот одбор, се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Собрание на МЗТ ПУМПИ АД Скопје**
**Претседавач**

____________________

МЗТ Пумпи АД Скопје
Број: 02-02/101
Скопје, 27.08.2018

Врз основа на член 417 и 418 од Законот за Трговските друштва и член 73 од Статутот на Акционерското друштво МЗТ ПУМПИ АД Скопје, Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на ден 27.08.2018. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена на статутот на Акционерското Друштво**

**Член 1**

Во Статутот на МЗТ ПУМПИ АД Скопје – пречистен текст од 29.05.2014 година, се врши измена на член 14 по однос на видот на акциите од кои се состои основната главнина на друштвото, поради извршена конверзија на 2.115 приоритетни акции во обични акции.

По извршената конверзија основната главнина на друштвото и бројот на акции од кој истата се состои останува непроменет.

По измената, членот 14 од Статутот на МЗТ ПУМПИ АД Скопје ќе гласи:

„Основната главнина на Друштвото изесува 3.275.313 EUR или 167.909.049 во денарска против вредност.

Основната главнина на друштвото се состои од 64.059 обични акции".

**Член 2**

Статутот на МЗТ ПУМПИ АД Скопје – пречистен текст од 29.05.2014 година во се друго останува непроменет.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Член 4**

Се задолжува Управниот одбор на МЗТ ПУПМИ АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот во кој ќе се внесат измените направени со оваа Одлука.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со извршена конверзија на 2.115 приоритетни акции во обични акции направена е промена на видот на акциите од кои се состои основната главнина на друштвото МЗТ ПУМПИ АД Скопје.

По извршената конверзија основната главнина на друштвото и бројот на акции од кој истата се состои останува непроменет

Имајќи го во вид горенаведеното, се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Собрание на МЗТ ПУМПИ АД Скопје**
**Претседавач**

Врз основа на член 48 од Статутот на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, а во врска со членовите 383, 417, 418, 606 став 3 од Законот за трговски друштва , како и врз основа на Одлуката донесена од Собранието на Друштвото на ден 27.08.2018 година бр. 02-02/101 изготвен е пречистен текст на:

# С Т А Т У Т

на МЗТ ПУМПИ АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Согласно со одлуката за трансформација бр. 7001/28-1 од 28.12.1995 година, решението на Владата бр. 15-230/190 од 05.08.1996 година, Договорот за продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите на претпријатието бр. 08-5251/3 од 02.12.1997 година МЗТ ПУМПИ АД Скопје е запишано во трговскиот регистар при Основен суд Скопје И со решение Трег. бр. 31/48 од 11.02.1998 година.

Согласно одредбите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за трговските друштва, извршениот откуп на акциите од Агенцијата за приватизација на Република Македонија, МЗТ ПУМПИ АД Скопје со донесувањето на овој Статут се организира како Акционерско друштво во приватна сопственост (во понатамошниот текст Друштво).

Акционерското друштво МЗТ ПУМПИ АД Скопје е правен следбеник на АД ПУМПИ Скопје.

Член 2

Со овој Статут се уредуваат:

- Фирмата на Друштвото;
- Седиште на Друштвото;
- Времето на траење на Друштвото;
- Дејности на Друштвото;
- Внатрешка организација на Друштвото;
- Основна главнина на Друштвото;
- Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
- Уредувањето на односите во Друштвото;
- Правата и обврските на работниците во Друштвото;

- Органи на управување во Друштвото;
- Застапување и претставување на Друштвото;
- и други работи согласно со Законот.

## II. СУБЈЕКТИВИТЕТ И ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕ

Член 3

Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон и овој Статут.

Член 4

Друштвото одговара за своите обврски со сиот свој имот.

Член 5

Акционерите не одговараат за обврските на Друштвото.

Член 6

Друштвото се основа со траење на неопределено време.

Член 7

Друштвото може да престане со работа под условите и начинот утврдени со Законот и овој Статут.

## III. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 8

Друштвото работи под фирмата:

МЗТ ПУМПИ АД - Скопје производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема.

Скратен назив на фирмата кој Друштвото ќе го користи во правниот промет е: МЗТ ПУМПИ АД Скопје.

Седиштето на друштвото е во Скопје, ул. Перо Наков бр 126.

Член 9

Друштвото има печат, штембил и заштитен знак.

Печатот на Друштвото има округла форма со вообичаена големина на кој е испишан текстот:

МЗТ ПУМПИ АД – Скопје - производство и монтажа на пумпи, турбини хидромеханичка и еколошка опрема.

Печатот и штембилот се втиснуваат само на службени акти потпишани од страна на овластени лица во Друштвото во рамките на овластувањето.

## IV. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Член 10

Предмет на работење на Друштвото е следното и тоа:

- сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Работи на надворешно-трговскиот промет:

Надворешна трговија со прехрамбени производи; Надворешна трговија со непрехрамбени производи; Меѓународна шпедиција, малограничен промет со соседни земји, Посредување и застапување во прометот на стоки и услуги, Реекспорт; Лизинг, Агенциски услуги во транспортот; Продажба на стоки од консигнациони складови, Туристички услуги; Извршување на градежни работи во странство; Изведување на инвестициони работи во странство.

Член 11

Одлука за проширување или намалување на дејности донесува Управниот одбор на Друштвото.

## V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Член 12

Внатрешната организација на Друштвото се утврдува на начин кој обезбедува ефикасно и рационално извршување на дејностите кои се предмет на работење на Друштвото.

Член 13

Внатрешната организација на Друштвото се уредува со посебен акт кој го донесува Управниот одбор на Друштвото.

## VI. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Член 14

Основната главнина на Друштвото изнесува 3.275.313 ЕУР во денарска против вредност 167.909.049 денари.

Основната главнина на Друштвото е поделена на 64.059 обични акции.

Член 15

Номиналната вредност на една акција изнесува 51,12965 ЕУР во денарска против вредност.

Член 16

Акционер на Друштвото е лице кое е запишано во Акционерската книга на Друштвото.

Акционерската книга се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ.

Член 17

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ во соглсност со законот.

## VII. ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

Член 18

Зголемувањето и намалувањето на основната главнина на Друштвото се врши со одлука на Собранието.

При зголемувањето и намалувањето на основната главнина, Друштвото ќе ги применува одредбите од законот за трговските друштва и законот за хартии од вредност.

Член 19

За извршеното, зголемување или намалување на основната главнина Управниот одбор до Трговскиот регистар поднесува пријава за упис на Одлуката за зголемување, намалување на основната главнина, во рок од 8 дена од денот на нејзиното донесување.

## VIII. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 20

Односите во Друштвото се уредуваат со овој Статут, Колективниот договор, правилници и одлуки со кои се уредуваат општите прашања.

Член 21

Статутот на Друштвото е основен општ акт на Друштвото. Другите општи акти на друштвото мора да бидат во согласност со Статутот.

Член 22

Работните односи, платите и другите права од работниот однос се уредуваат со правила, правилници и колективни договори кои ги донесува односно склучува Управниот одбор.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 23

Работниците во Друштвото ги остваруваат своите права, обврски и одговорности од работен однос во согласност со Законот за работни односи, колективните договори, овој Статут и други општи акти на Друштвото.

Член 24

Работниците во работен однос во Друштвото за својата работа примаат плата, зависно од постигнатите резултати и учествуваат во остварувањето на добивката согласно со општите акти на Друштвото.

## X. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ДРУШТВОТО

Член 25

Управувањето со Друштвото е регулирано според двостепениот систем на управување.

Органи на управување со Друштвото се:

а) Управен одбор

б) Надзорен одбор

ц) Собрание на Друштвото

### а) УПРАВЕН ОДБОР

Член 26

Управниот одбор се состои од 3 члена.

Член 27

Членовите на Управниот одбор ги именува и отповикува Надзорниот одбор на Друштвото.

Со одлука за избор на членовите на Управниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот на Управниот одбор во кое било време и да именува нов Претседател.

Членовите на Управниот одбор го застапуваат Друштвото во односите со трети лица заеднички.

Управниот одбор со одобрение на Надзорниот одбор може да овласти еден или повеќе членови на Управниот одбор да го застапуваат Друштвото.

Овластувањето за застапување може да биде повлечено во секое време од Надзорниот одбор.

Член 28

За членови на Управниот одбор можат да бидат именувани само физички лица кои се деловно способни.

Ниту едно лице не може во исто време да биде член на Управен одбор и на Надзорен одбор.

Член на Управниот одбор на Друштвото во исто време не може да биде член на Управниот одбор во други Акционерски друштва во РМ.

Член 29

Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од 4 години.

Членовите на Управниот одбор можат да бидат повторно именувани.

Член 30

Ако бројот на членовите на Управниот одбор се намали под законскиот минимум, Надзорниот одбор веднаш го пополнува составот на одборот.

Член 31

Членовите на Управниот одбор во извршувањето на своите работи се одговорни према Друштвото согласно Законот и овој Статут.

Членот на Управниот одбор е должен овластувањата што му се дадени да ги врши во интерес на Друштвото и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Управниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а ги добиле како доверливи. Оваа обврска трае и по престанувањето на мандатот на членот на Управниот одбор.

**Надлежност на Управниот одбор**

Член 32

Управниот одбор управува со Друштвото и го води работењето на друштвото под сопствена одговорност.

Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите на тековните активности на друштвото и дејствува во сите околности од име на друштвото со исклучок на овлстувањата кои што изрично му се дадени на Собранието и на Надзорниот одбор.

Управниот одбор ги извршува особено следниве работи:

- ја утврдува деловната политика;
- донесува програма за работа и годишен план за работа
- одлучува за организација на Акционерското друштво
- поднесува иницијатива за изменување на Статутот
- до Надзорниот одбор поднесува извештај за работењето на Друштвото на секои 3 месеци
- по истекот на деловната година му поднесува на Надзорниот одбор нацрт на годишна сметка и годишен извештај како и други извештаи по барање на Надзорниот одбор;
- одлучува за набавка на основни средства
- го усвојува Извештајот за извршениот попис на средства;
- донесува одлуки за расходување, отпис и оттуѓување на основни средства
- одлучува за набавка на основни средства
- ги утврдува предлозите на Собранието, по кои Собранието расправа и одлучува
- го разгледува извршувањето на планот и остварувањето на деловните резултати и во врска со тоа презема соодветни мерки
- донесува одлука за инвестициони вложувања
- донесува одлуки за давање, односно земање кредити во врска со остварување на планот
- донесува одлуки за економски технолошки структурални и др.промени кои предизвикуваат потреба од намалување бројот на вработените

- решава за прашањата од областа на заштитата (ХТЗ, противпожарна заштита, заштита на човековата околина и др.)
- одлучува за работи и прашања од работен однос и барањата за заштита на правата од втор степен
- формира работни тела и комисии
- именува раководни лица во Друштвото и склучува договор за уредување на односите со раководните лица
- одлужува за склучување колективен договор
- врши и други работи кои не се во надлежност на Надзорниот одбор и Собранието

Управниот одбор со претходно одобрение на Надзорниот одбор одлучува за:

- затварање (престанување) или пренос на претпријатие или негов дел што учествува со 10% во приходот на друштвото;
- намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
- суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
- воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинвување;
- основање и престанување на троговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото;
- основање и престанување на подружници на друштвото.

Член 33

Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците, претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците.

Управниот одбор одлучува на состанокот, ако на истиот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на УО. Во случај на поделба на гласовите гласот на претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува е одлучувачки.

Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на Управниот одбор дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување состанок.

Член 34

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со договор склучен помеѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор. Договорот помеѓу членот на Управниот одбор и Друштвото го склучува Надзорниот одбор на Друштвото.

Член 35

За работа на Управниот одбор се води записник.

## б) НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 36

Надзорнит одбор се состои од 3 члена.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува и разрешува Собранието на Друштвото.

Од редот на членовите се избира претседател на Надзорниот одбор.

Член 37

За член на Надзорниот одбор може да биде именувано правно и физичко лице кое е деловно способно.

Членовите на Надзорниот одбор се именуваат со мандат од 4 години.

Членовите на Надзорниот одбор можат да бидат повторно именувани.

Ниту едно лице во исто време не може да биде член на Управниот одбор и на Надзорниот одбор.

Член 38

Надзорниот одбор одлучува за:

- Ги избира и отповикува членовите на Управниот одбор
- врши надзор врз управувањето со акционерското друштво што го врши Управниот одбор
- за определени видови работа на Управниот одбор му дава одобрение
- врши увид и ги проверува книгите и документите на друштвото, имотот, благајнанта, хартиите од вредност
- го застапува друштвото спрема членовите на Управниот одбор

Член 39

Надзорниот одбор го свикува Собранието на Друштвото кога тоа го бараат интересите на Друштвото. Одлуката за свикување на Собранието членовите на Надзорниот одбор ја донесуваат со обично мнозинство.

Член 40

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата на состаноците.

Ако претседателот на Надзорниот одбор од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со сотаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надфзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор одлучува на состаноците ако се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Надзорниот одбор.

Во случај на поделба на гласовите гласот на претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки.

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови на Надзорниот одбор дадат согласност на одлуката која се донесува без одржување на состанок.

Член 41

Надзорниот одбор во текот на годината одржува најмалку четири редовни седници, и тоа на скои три месеци.

Една од тие седници задолжително се одржува во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

Член 42

За работата на секој состанок на Надзорниот одбор без оглед на тоа какко е одржан состанокот се подготвува записник.

Член 43

Членовите на Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи, оваа обврска трае и по престанување на мандатот на членот на Надзорниот одбор.

## ц) СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Член 44

Собранието на Друштвото го сочинуваат сопствениците на акции што даваат право на глас во Собранието на Друштвото.
Секоја акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Член 45

Акционерите учествуваат во работата и одлучувањето во Собранието со онолку гласови колку што имаат акции.

Член 46

Во Собранието на Друштвото сопствениците на акции ги остваруваат своите права, особено во поглед на водењето на работите, усвојување на годишните сметки и распределба на чистата добивка.

**Собранието ги има следните надлежности**

Член 47

Собранието одлучува за:

- измена на статутот;
- одобрување на годишната смемтка, на финансисктие извештаи и на годишниот извештај за работат на друштвото во претходнната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
- избор и отповикување на члeновите на надзорниот одбор;
- одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување на надзорниот одбор;
- промена на правата врзани за одделени родови и класи акции;
- зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
- издавање акции и други хартии од вредност;
- назначување овластен ревизор за аревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи
- преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и
- престанување на друштвото.

Член 48

Собранието работи на седници.

Собранието го свикува Управниот одбор.

Седниците се одржуваат најмалку еднаш годишно. Седницата може да се свика и по потреба кога тоа го бараат интересите на Друштвото.

Член 49

Ако Управниот одбор не го свика Собранието три месеци по составувањето на годишната сметка Собранието го свикува Надзорниот одбор на Друштвото.

Член 50

Собранието се свикува со праќање на покани до сите акционери чии акции се запишани во книгата на акции или со објавување на повик во еден од дневните весници и огласна табла на Друштвото.

Поканата односно повикот ги содржи следните податоци:

- фирмата и седиштето на Друштвото
- местото и датата на одржување на Собранието
- другите формалности предвидени со овој Статут што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласањето
- можност за именување на застапник на акционерот и
- дневен ред

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно објавувањето на повик за учество на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден од денот на одржувањето на Собранието.

Член 51

Собранието се одржува во седиштето на Друштвото.

Член 52

Свикувањето на Собранието може да се отповика најдоцна 5 дена пред одржувањето на Собранието, на ист начин на кое било свикано.

Член 53

Правото на акционерот на учество во работата и на глас во Собранието се остварува лично или преку именуван застапник.

Член 54

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажанато собрание.

Секој акционер може да овласти со полномошно свој полномошник на Собранието, полномошното треба да е заверено кај нотар.

За полномошник не може да биде оперделен:

- член на Управниот одбор, Надзорниот одбор или член на неговото потесно семејство;
- раководно лице во Друштвото или член на неговото потесно семејство
- застапник по закон или друго овластено физичко лице.

Член 55

На Собранието имаат право да учествуваат сопствениците на акции кои се запишани во акционерската книга најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието.

Членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото можат да учествуваат во работата на Собранието и да расправаат за предметите од дневниот ред но немаат право на глас.

Доколку членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор се членови на Собранието истите имаат право на глас.

Член 56

На почетокот на Собранието се составува список на присутни акционери со право на глас во кој се наведува: името односно фирмата и адресата, ополномоштеното лице, бројот на акциите и гласовите кои припаѓаат на секој учесник во работата на Собранието.

Списокот треба да биде потпишан од претседателот на Собранието и од записничарот.

Член 57

Акционерите можат во просториите на Друштвото да ги прегледаат сите списи кои се подготвуваат за Собранието.

Секој акционер може да бара, на негов трошок да му се даде препис од сите предлози за предметите што се на дневен ред во Собранието.

Член 58

Собранието може да донесува одлука и заклучоци само за предметите кои се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа и за предметите кои не биле ставени на дневен ред без право на одлучување.

Член 59

Со седниците на Собранието претседава Претседавач. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на собранието, ги утврдува правилата за водење на седницата на собранието.

Претседавачот со собранието се избира на секоја седница на собранието.

Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што ќе биде одржано.

За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер.

За претседавач со собранието не може да биде избран член на Управниот одбор или на Надзорниот одбор на Друштвото.

Член 60

Заклучоците и одлуките се донесуваат со јавно изјаснување. Начинот на гласање го определува претседавачот со Собранието во согласност со Законот.

Член 61

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинството од акциите со право на глас претставена на собранието.

## XI. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 62

Во правниот промет со трети лица друштвото го застапува и претставува Генералниот директор на Друштвото.

Генералниот директор на Друштвото ги има следните надлежности:

- го застапува акционерското друштво во однос со трети лица во рамките на своите надлежности;
- ја води деловната политика и работењето на Друштвото;
- го организира годишниот попис;

- одлучува за прием на нови работници;
- донесува одлуки за распоредување на работниците;
- издава налози и упатства за работа;
- одлучува и за други прашања од работењето на акционерското друштво.

## XII. ИНФОРМИРАЊЕ И ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 63

Органите на Акционерското друштво се должни за работењето на Друштвото да обезбедат редовно, навремено, вистинито, целосно и според содржината и обликот достапно информирање на акционерите во Друштвото.

Член 64

Информирањето на Акционерското друштво се врши преку:

- огласна табла
- други форми на информирање

Член 65

Давање на информација може да се ускрати само ако тоа би било штетно за Друштвото и акое е доверливо.

Член 66

Под деловна тајна во акционерското друштво се сметаат сите исправи, документи, податоци врзани за работењето на акционерското друштво или за работењето на вработените во акционерското друштво, чие соопштување на трети лица би било спротивно на интересите на акционерското друштво.

Под деловна тајна се сметаат посебни исправи и податоци од истражувачки, конструкторски, производен, технолошки, комерцијален, финансиски карактер, како и технички податоци и имотно правната документација и платите на вработените.

Член 67

Обврската за чување на деловната тајна трае 5 години и по престанувањето на работниот однос на работникот во Друштвото.

Член 68

Обврската за чување на деловната тајна се однесува на сите акционери и работници во Друштвото без разлика на бројот и видот на акциите со кои располагаат

членовите на Управниот и Надзорниот одбор на акционерското друштво, сите вработени во акционерското друштво и на сите други лица кои во даден момент имале можност да бидат во контакт со исправите што се сметаат за деловна тајна.

Ако лицата врз основа на став 1 од овој член ја прекршат обврската за чување на деловна тајна, против нив ќе се покрене постапка за надомест на штета.

## XIII. УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

Член 69

За работењето на Акционерското друштво се водат деловни книги согласно законските прописи.

За остварените резултати се составуваат пресметки согласно Законот за сметководство. Врз основа на годишната пресметка се врши распределба на добивката и дивидендата.

Член 70

Акционерите во согласност со Законот имаат право на делот од годишната добивка на Акционерското друштво.

Член 71

Висината на дивидендата се утврдува годишно со годишната пресметка и ја утврдува Собранието.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од 9 месеци по завршувањето на деловната година.

Член 72

Загубите на акционерското друштво се покриваат од средствата што за таа намена може да се користат согласно позитивните законски прописи.

## XIV. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 73

Статутот на Друштвото се менува со одлука за измена на статутот донесена од Собранието на Друштвото.

Одлуката за измена на Статутот Собранието ја донесува со мнозинство на гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Член 74

Иницијатива за измена на статутот можат да поднесат:

- Управниот одбор
- Надзорниот одбор
- Акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас.

Член 75

Предлогот го утврдува Управниот одбор.

Член 76

Управниот одбор е должен измената на Статутот да ја пријави заради упис во трговскиот регистар.

**XV. ПРЕСТАНОК НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО**

Член 77

Друштвото престанува со:

- Одлука на Собранието за престанување на друштвото доенсена со мнозинство гласови кое што не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието;
- Правосилна одлука на судот со која се утврдува ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;
- Присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со разрешување со основање и со раздвојување со преземање.
- Стечај

Намерата за бришење на друштвото од трговскиот регистар се објавува. Секое лице кое има правен интерес може да поднесе приговор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавувањето на намерата за бришење на друштвото.

Друштвото престанува без спроведување на ликвидација, освен ако во рок од 30 дена од денот на објавување на н амерата за бришење на друштвото, се покаже дека

Друштвото има имот кој што треба да се подели и побараувања кои што треба да се намират.

Во тој случај се спроведува ликвидација односно стечајна постапка.

Член 78

Ако над акционерското друштво не се отвори стечајна постапка се спроведува ликвидација на Друштвото.

Член 79

Остатокот на ликвидационата односно стечајната маса ќе им се подели на акционерите сразмерно на бројот на акциите што ги имаат.

Член 80

Управниот одбор ја пријавува за упис во трговскиот регистар одлуката за престанок на акционерското друштво што ја донесува Собранието на Друштвото.

Ако одлуката за престанок на Друштвото ја донесе судот тој ја запишува одлуката во трговскиот регистар по службена должност.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 81

Акционерите и вработените во Друштвото се обврзуваат да го применуваат овој Статут, а за прашањата кои не се регулирани со овој Статут непосредно ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Член 82

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на МЗТ ПУМПИ АД Скопје бр. 02-01/8 од 29.05.2014 година.

Член 83

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 02-02/102
Скопје,27.08.2018 год.

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседавач

________________________